# СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за планирање и уредување на просторот

**ПРЕТСТАВНИК:** Александар Јанакиески
Помошник Раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров

Скопје, мај 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Во Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Ѓорче Петров за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 05/22) во член 2, ставот 4 се менува и гласи:

„Средствата од ставовите 2 и 3 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а работите ќе ги изведе ЈП Улици и Патишта – Скопје, по претходно склучен договор со Град Скопје.”

.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Град Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Со оваа Одлука се врши доуредување на односите кои треба да се создадат, помеѓу Општина Ѓорче Петров, Град Скопје во однос на изведување на градежните работи, за кои Град Скопје ќе склучи Договор со ЈП „Улици и патишта“.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.